ЈКП "ВОДОВОД" - н.ИЛИНДЕН

...вно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 01-152/2
15.07.2022 год.
...инден, Илинден

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
# И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО
# НА ЈКП „ВОДОВОД" н.Илинден
## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 30.06.2022 ГОДИНА

Илинден, Јули 2022 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................ 3
1. ОРГАНИЗАЦИОНА И КАДРОВСКА ПОСТАВЕНОСТ........................................ 3
2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ .......................................................................... 4
2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОД ........................................................................ 4
2.1.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ ................................................................... 4
2.1.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ .................................. 6
2.1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ....................................... 7
2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ ...................................... 8
2.2.1. ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ................................. 8
2.2.2. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.................................... 10
2.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ............................................... 11
2.3.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ ................................................................. 11
2.3.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ....................................... 12
2.3.3. ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ ......................................... 13
2.3.4. СОБИРАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ................. 14
2.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА...................................... 15
2.5. ФИНАНСИСКИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ ................... 15
2.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ ...................................................... 17
ЗАКЛУЧОК .................................................................................... 17

# ВОВЕД

Извештајот за работата и резултатите од работењето на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за првата половина од тековната година содржи информации за превземените технички, оперативни, комерцијални, финансиски и организациски активности на Претпријатието во функција на подобрување на ефикасноста во работењето, континуирано обезбедување на здравствено исправна вода за пиење, поголема безбедност и сигурност во снабдувањето и квалитет на водната услуга согласно важечките стандарди, како и зголемување на покриеноста во делот на одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

# 1. ОРГАНИЗАЦИОНА И КАДРОВСКА ПОСТАВЕНОСТ

Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на Претпријатието и Статутот на Претпријатието во хиерархиската поставеност на ЈКП „Водовод“ н.Илинден утвдени се следните нивоа:

- Директор,
- Служби и
- Одделенија.

Во рамките на Претпријатието егзистираат следните организациони единици:

- 2 (две) служби и
- 6 (шест) одделенија

**Табела 1:** Број на вработени по организациски единици

| Опис | Број на работни места | Состојба | |
|---|---|---|---|
| | | 01.01.2022 | 30.06.2022 |
| **1. Менаџмент** | **1** | **1** | **1** |
| 1.1. Директор | 1 | 1 | 1 |
| **2. Административна служба** | **7** | **0** | **0** |
| Раководител | 1 | 0 | 0 |
| 2.1 Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи | 3 | 0 | 0 |
| 2.2. Одделение за сметководство и финансови работи | 3 | 0 | 0 |
| **3. Стручна служба** | **58** | **52** | **52** |
| Раководител | 1 | 1 | 1 |
| 3.1. Одделение за водовод | 23 | 20 | 20 |
| 3.2. Одделение за пумпни станици и резервоари | 13 | 11 | 12 |
| 3.3. Одделение за обезбедување на имот и лица | 12 | 11 | 11 |
| 3.4. Одделение за канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води | 9 | 8 | 7 |
| **Вкупно вработени** | **66** | **52** | **52** |

Во Претпријатието има вкупно 7 привремено вработени лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања распоредени на работни места согласно потребите на Претпријатието од работници за извршување на дополнителни работи. Согласно законската регулатива во тековната година за ангажираните лица беа извршени санитарни прегледи.

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОД

Во Одделението за водовод се вршеше континуирано одржување на водоводната мрежа, уреди и водоводни приклучоци, потоа активности за проширување на одредени делови од водоводната мрежа, поставување на нови приклучоци за физички лица и правни субјекти, отстранување на настанатите дефекти, испирање на водоводната мрежа, испитување на квалитетот на испорачаната вода, функционалност на воздушните вентили и пропратната опрема, како и активности за откривање на евентуални диво приклучените корисници на водоводната мрежа.

### 2.1.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ

ЈКП ''Водовод'' Илинден обезбедува пречистување и дистрибуција на вода за пиење на територија на Општина Илинден, но и на населени места во Општина Гази Баба и Општина Петровец.

Во периодот 01.01 – 30.06.2022 година евидентирани се вкупно 155 нови корисници од кои 138 се физички лица и 17 се правни субјекти, така што вкупниот број на корисници приклучени на водоводниот систем со кој стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден ја достигна бројката од 8.575. Во вкупниот број на корисници за Општина Илинден се вбројуваат и активираните корисници од станбената единица Ламела Г на ул.8 бр.77 н.Илинден.

**Табела 2:** Вид и број на корисници по Општини

| Општина | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Општина Илинден | 5.071 | 5.175 | 104 | 361 | 366 | 5 | 5.432 | 5.541 | 109 |
| Општина Гази Баба | 1.500 | 1.508 | 8 | 45 | 52 | 7 | 1.545 | 1.560 | 15 |
| Општина Петровец | 1.370 | 1.396 | 26 | 73 | 78 | 5 | 1.443 | 1.474 | 31 |
| **Вкупно** | **7.941** | **8.079** | **138** | **479** | **496** | **17** | **8.420** | **8.575** | **155** |

ЈКП „Водовод" н.Илинден е надлежно претпријатие за поставување на нови водоводни приклучоци исклучиво на територијата на Општина Илинден, по претходно поднесено барање за нов приклучок или барање за одвојување, со уредно доставена документација (одобрение за градба или решение за легализирање на бесправно изграден објект) и платен надомест за водоводен приклучок. Во останатите општини

надлежни за поставување на новите водоводни приклучоци се јавните претпријатија од Општина Гази Баба, односно Општина Петровец.

Во периодот 01.01-30.06.2022 година поднесени се 90 барања за проверка на техничка можноста а реализирани се 49 барања.

**График 1:** Графички приказ на вид и вкупен број на корисници




**График 2:** Процентуален приказ на бројот на корисници по Општини



**Табела 3:** Број на корисници по населени места во Општина Илинден

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Илинден | 1.356 | 1.422 | 66 | 156 | 158 | 2 | 1.512 | 1.580 | 68 |
| Марино | 1.446 | 1.453 | 7 | 98 | 100 | 2 | 1.544 | 1.553 | 9 |
| Марино (лок. Јака) | 143 | 149 | 6 | 0 | 0 | 0 | 143 | 149 | 6 |
| Кадино | 529 | 537 | 8 | 50 | 50 | 0 | 579 | 587 | 8 |
| Мралино | 212 | 214 | 2 | 4 | 4 | 0 | 216 | 218 | 2 |
| Ајватовци | 172 | 179 | 7 | 2 | 2 | 0 | 174 | 181 | 7 |
| Бунарџик | 249 | 254 | 5 | 37 | 37 | 0 | 286 | 291 | 5 |
| Миладиновци | 469 | 470 | 1 | 13 | 14 | 1 | 482 | 484 | 2 |
| Бујковци | 204 | 204 | 0 | 0 | 0 | 0 | 204 | 204 | 0 |
| Бучинци | 82 | 83 | 1 | 0 | 0 | 0 | 82 | 83 | 1 |
| Текија | 79 | 79 | 0 | 1 | 1 | 0 | 80 | 80 | 0 |
| Дељадровци | 130 | 131 | 1 | 0 | 0 | 0 | 130 | 131 | 1 |
| **Вкупно** | **5.071** | **5.175** | **104** | **361** | **366** | **5** | **5.432** | **5.541** | **109** |

**Табела 4:** Број на корисници по населени места во Општина Гази Баба

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Јурумлери | 868 | 875 | 7 | 29 | 32 | 3 | 897 | 907 | 10 |
| Гоце Делчев | 267 | 267 | 0 | 5 | 6 | 1 | 272 | 273 | 1 |
| Дрма | 116 | 117 | 1 | 0 | 0 | 0 | 116 | 117 | 1 |
| Идризово | 249 | 249 | 0 | 11 | 14 | 3 | 260 | 263 | 3 |
| **Вкупно** | **1.500** | **1.508** | **8** | **45** | **52** | **0** | **1.545** | **1.560** | **15** |

**Табела 5:** Број на корисници по населени места во Општина Петровец

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Петровец | 713 | 722 | 9 | 42 | 43 | 1 | 755 | 765 | 10 |
| Ржаничино | 377 | 384 | 7 | 10 | 12 | 2 | 387 | 396 | 9 |
| Огњанци | 240 | 250 | 10 | 2 | 2 | 0 | 242 | 252 | 10 |
| Ќојлија | 40 | 40 | 0 | 19 | 21 | 2 | 59 | 61 | 2 |
| **Вкупно** | **1.370** | **1.396** | **26** | **73** | **78** | **5** | **1.443** | **1.474** | **31** |

## 2.1.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

Водоснабдителниот систем на ЈКП „Водовод“ н.Илинден има вкупна должина од 226.709 метри и во себе вклучува примарни водови со просечни димензии од Ø400 до

Ø110 во должина од 66.160 метри и секундарни водови со просечни димензии од Ø110 до Ø32 во должина од 160.549 метри.

ЈКП „Водовод“ н.Илинден во текот на првата половина од тековната година изврши проширување на водоводната мрежа во вкупна должина од 858 метри заради приклучување на нови физички лица во населените места.

Проширувањето на водоводната мрежа беше изведено во:

- н.м Илинден во должина од 30 метри;
- н.м Бунарџик во должина од 41 метар;
- н.м Миладиновци во должина од 40 метри;
- н.м Мралино во должина од 50 метри;
- н.м Ајватовци во должина од 8 метри
- н.м Кадино во должина од 470 метри
- Н.м Марино во должина од 179 метри
- Н.м Дељадровци во должина од 40 метри

Зголемувањето на капацитетот на постојната водоводна мрежа се изведува во согласност со динамиката на изградбата на ново предвидените станбени и комерцијални објекти.

**Табела 6:** Должина на водоводна мрежа (m)

| Населено место | Должина на водоводна мрежа (m) | | |
|---|---|---|---|
| | 01.01.2022 | 30.06.2022 | Нова мрежа |
| Примарна водоводна мрежа | 66.160 | 66.160 | 0 |
| Секундарна водоводна мрежа | 159.691 | 160.549 | 858 |
| **Вкупно** | **225.851** | **226.709** | **858** |

### 2.1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

**ПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ**

ЈКП „Водовод“ н.Илинден континуирано вршеше контрола на состојбата на примарната водоводна мрежа (проверка на главните водоводни линии, контрола на шахти на главните водоводни линии - воздушни вентили, шибери и гарнитури).

**НЕПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ**

Во периодот 01.01-30.06.2022 година од страна на стручните екипи на ЈКП „Водовод“ н.Илинден се санирани вкупно 230 дефекти кои опфаќаат дефекти на примарните водови, секундарните водови и приклучоците за крајните корисници, при што за линиите со полиетилен и ПВЦ се користени исклучиво сопствени капацитети, сопствена работна рака и сопствена механизација, додека за санацијата на челичните

цевководи беше ангажирана надворешна фирма за браварско-заварувачки работи. Во текот на првата половина од тековната година беше извршена замена на водоводна линија Ø110 во должина од 40 метри, како и водоводна линија Ø280 во должина од 12 метри на ул.532 во населено место Марино. Заради поголем квалитет во водоснабдувањето во текот на вториот квартал извршена е реконструкција на главната водоводна мрежа на потегот н.м Марино-Кадино во должина од околу 600 метри.

**Табела 7:** Санирани дефекти на примарните водови

| Примарни водови | Број на санации |
|---|---|
| Примарен вод Кадино Ø280 | 9 |
| Примарен вод ОКТА Ø400 | 4 |
| Примарен вод Илинден Ø280 | 6 |
| Примарен вод Бунарџик - Бучинци Ø225 | 1 |
| **Вкупно** | **20** |

**Табела 8:** Санирани дефекти на секундарни водови

| Територија на општина | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 26 |
| Гази Баба | 2 |
| Петровец | 3 |
| **Вкупно** | **31** |

**Табела 9:** Санирани дефекти на приклучоци

| Територија на општина | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 129 |
| Гази Баба | 17 |
| Петровец | 33 |
| **Вкупно** | **179** |

Враќањето на просторот во првобитна состојба по санација на дефектите, во зависност од сложеноста, обемот и карактерот се одвиваше со ангажман на сопствени капацитети.

## 2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ

### 2.2.1. ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Одделението за пумпни станици и резервоари континуирано ракуваше со пумпите и ја следеше нивната експлоатација, извршуваше тековно одржување на пумпите и одржување на објектите на пумпните станици и резервоарите, потоа спроведуваше операции за испумпување на вода, постојано следење и евидентирање на нивото на водата во резервоарите, нивно чистење и одржување, хлорирање на водата и

контролирање и евидентирање на дозираниот и резидуален хлор во водата, евидентирање на притисокот во водоводната мрежа и навремено известуваше за евентуално настанатите промени.

**Табела 10:** Пласирана и фактурирана вода по месеци ($m^3$)

| 2022 година | Вкупно | |
|---|---|---|
| | **Пласирана вода** | **Фактурирана вода** |
| Јануари | 203.149 | 111.957 |
| Февруари | 204.796 | 117.136 |
| Март | 212.674 | 128.695 |
| Април | 223.978 | 131.704 |
| Мај | 270.812 | 145.815 |
| Јуни | 292.619 | 163.068 |
| **Вкупно** | **1.408.028** | **798.375** |
| Неприходна вода % | | **43%** |

**График 3:** Вкупно пласирана и фактурирана вода прикажано по системи ($m^3$)




Во моментов ЈКП „Водовод“ н.Илинден врши експлоатација на вода од три водоводни системи, систем Јурумлери, систем ОКТА и систем ТИРЗ. Од водоводниот систем Јурумлери со вода се снабдуваат населените места Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Бучинци од општина Илинден, Гоце Делчев, Јурумлери, м.в. Дрма и Идризово од општина Гази Баба како и населените места Петровец, Огњанци, Р’жаничино и Ќојлија од општина Петровец. Од водоводниот систем ОКТА со вода се снабдуваат населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци. Водата од системот ТИРЗ е наменета за водоснабдување на правните субјекти од ТИРЗ Скопје 1 и Скопје 2.

**Табела 11:** Пласирана и фактурирана вода ($m^3$)

| Населени места | Пласирана вода ($m^3$) | Фактурирана вода ($m^3$) | Неприходна вода (%) |
|---|---|---|---|
| Илинден, Марино, Јака, Кадино, Мралино, Јурумлери, Идризово, Дрма, Гоце Делчев | 908.624 | 448.660 | 51 |
| Ајватовци, Бунарџик | 39.171 | 25.347 | 35 |
| Бучинци | 8.296 | 4.998 | 40 |
| Петровец, Огњанци, Ржаничино, Ќојлија | 191.030 | 110.712 | 42 |
| **Вкупно Пумпна станица Јурумлери** | **1.147.121** | **589.717** | **49** |
| ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 | 118.068 | 118.068 | 0 |
| **Вкупно систем ТИРЗ** | **118.068** | **118.068** | **0** |
| ОКТА А.Д | 23.334 | 9.984 | 57 |
| Миладиновци | 79.080 | 48.081 | 39 |
| Бујковци | 18.521 | 15.065 | 19 |
| Текија и Дељадровци | 21.904 | 17.460 | 20 |
| **Вкупно Систем ОКТА** | **142.839** | **90.590** | **37** |
| **ВКУПНО** | **1.408.028** | **798.375** | **43** |

Вкупната количина на пласирана вода од водоснабдителните системи во текот на првата половина од тековната година изнесува 1.408.028 $m^3$. Во пресметаната количина на неприходна вода опфатена е и водата пласирана за верските објекти и чешмите наменти за јавно користење како и водата која е искористена за наводнување на спортските игралишта.

## 2.2.2. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Јавното Комунално Претпријатие „Водовод“ н.Илинден има обврска според законската регулатива да го контролира квалитетот и капацитетот на водните ресурси што ги користи за водоснабдување на населението на територијата на трите општини согласно критериумите кои ги регулира Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.вес. на РМ бр.183 од 2.10.2018 г.). ЈКП „Водовод“ н.Илинден има склучено договор со акредитираната лабораторија "Фуд Лаб" за физичко-хемиска и микробиолошка анализа на вода за пиење како и договор со Институтот за Јавно Здравје - Скопје за периодични проширени анализи на вода согласно принципите на ХАССП системот. Периодичната анализа на хлорираната вода опфаќа комплетна анализа која во себе вклучува: основен преглед на водата за пиење (микробиолошки), периодичен преглед на водата за пиење (физичко-хемиски), пестициди во водата за пиење, радиолошка анализа на водата за пиење и паразитолошка анализа на вода за пиење.

Земањето на мостри за анализа на водата за пиење се одвиваше во правилни временски интервали од 6 (шест) мерни места кои ги опфаќаат јавни установи: Општина Илинден, ЈОУДГ “Гоце Делчев” - Илинден, ООУ “Браќа Миладиновци” -

Миладиновци, ООУ “Браќа Миладиновци” - Текија, ЈОУДГ “Морковче” - Јурумлери и ООУ “Кочо Рацин” - Петровец.

Во периодот 01.01-30.06.2022 земени се вкупно 72 мостри за основни анализи на вода, како и една мостра за периодична анализа на вода од системот Јурумлери. Добиените резултати се во граници на пропишаните вредности и истите се достапни на увид на web-страната на Претпријатието http://jkpvodovodilinden.com.mk.

## 2.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ

Одделението за Канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води е одговорно за одведување и пречистување на отпадните води, тековно и инвестиционо одржување на канализациониот систем, одржување во исправна состојба на канализациониот систем и мрежа (фекални пумпни станици) и објектите на нив, ревизионите шахти, преливи, испусти и слично, интервенции со цистерни под притисок и вакуум, изведување приклучоци и вршење контрола на истите и тековно и инвестиционо одржување на пречистителните станици.

### 2.3.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ

ЈКП „Водовод“ н.Илинден врши собирање, одведување и пречистување на отпадните води преку канализациониот систем и пречистителните станици: Марино ПП1, Марино ПП2, Илинден ПП7 и Кадино ПП4 кои се изградени од страна на Општина Илинден.

Вкупниот број на корисници приклучени на системот за прифаќање и третман на отпадни води поврзан со пречистителни станици изнесува 1.205 корисници.

**Табела 12:** Вид и број на корисници по припадни површини

| Припадна површина | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Марино ПП1 | 194 | 194 | 0 | 20 | 20 | 0 | 214 | 214 | 0 |
| Марино ПП2 | 485 | 488 | 3 | 25 | 25 | 0 | 510 | 513 | 3 |
| Кадино ПП4 | 112 | 112 | 0 | 17 | 18 | 1 | 129 | 130 | 1 |
| Илинден ПП7 | 319 | 324 | 5 | 24 | 24 | 0 | 343 | 348 | 5 |
| **Вкупно** | **1.110** | **1.118** | **8** | **86** | **87** | **1** | **1.196** | **1.205** | **9** |

Во Табелата бр.12 не се внесени приклучоците поставени во Локалитетот Јака, кои до 30.06.2022 година изнесуваат 31 приклучок, заради тоа што поставувањето на канализационите линии е во тек. Со завршување на проектот и поставување на линиите за фекална канализација на сите поставени приклучоци ќе им бидат фактурирани услуги.

ЈКП „Водовод“ н.Илинден покрај тоа што врши собирање, одведување и пречистување на отпадните води преку канализациониот систем поврзан со пречистителна станица,

врши и собирање и одведување на урбани отпадни води во канализационен систем поврзан со отворени реципиенти во населените места Илинден, Марино и Кадино.

Вкупниот број на корисници приклучени на канализациониот систем поврзан со отворени реципиенти изнесува 1.421. Согласно донесената Одлука од 01.06.2022 година ЈКП „Водовод“ н.Илинден на 20 правни субјекти од ТИРЗ Скопје 1 и 2 започна да им фактурира услуга собирање и одведување на отпадни води.

**Табела 13:** Број на корисници приклучени на отворени реципиенти

| Населено место/зона | Број на корисници |
|---|---|
| Илинден | 737 |
| Кадино | 164 |
| Марино | 520 |
| ТИРЗ | 20 |
| **Вкупно** | **1441** |

## 2.3.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

Канализациониот систем за прифаќање и третман на отпадни води со кој стопанисува ЈКП „Водовод“ н.Илинден во моментот опфаќа 7 (седум) припадни површини во населените места Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци со вкупна должина на канализациона мрежа од 31.472 метри.
За прифаќање на атмосферските води во н.м Марино, поставена е линија во должина од околу 60 метри.

ЈКП "Водовод" н.Илинден во период 01.01-30.06.2022 година заради приклучување на нови физички и правни лица изврши проширување на канализационата мрежа поврзана со пречистителни станици во должина од 1138 метри.

Проширувањето на канализационата мрежа поврзана со пречистителни станици беше извршено во:

- Локалитет Јака, поставени се околу 210 метри канализациона мрежа за индивидуални приклучоци со која се опфатени 31 домаќинство;
- Населено место Миладиновци во вкупна должина од околу 66 метри;
- Населено место Марино во должина од 46 метри;
- Населено место Кадино, во должина од 98 метри;
- Населено место Илинден, во должина од 718 метри, од кои 114 метри на улица 8 н.м Илинден дел од колекторскиот систем;

**Табела 14:** Проширување на системот за канализација поврзан со пречистителни станици

| Припадна површина | Должина на канализациона мрежа (m) | | |
|---|---|---|---|
| | 01.01.2022 | 30.06.2022 | Нови |
| Марино ПП1 | 4.280 | 4.326 | 46 |
| Марино ПП2 | 7.536 | 7.536 | 0 |
| Кадино ПП4 | 3.253 | 3.267 | 14 |
| Кадино ПП3 | 4.353 | 4.437 | 84 |
| Илинден ПП7 | 4.511 | 4.544 | 33 |
| Илинден ПП8 | 2.894 | 3.465 | 571 |
| Миладиновци ПП1 | 3.831 | 3.897 | 66 |
| **Вкупно** | **30.658** | **31.472** | **814** |

## 2.3.3. ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

### ПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

Во Одделението за канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води секојдневно се проверуваат препумпните уреди и пречистителните станици, се чистат корпите од препумпните уреди и ревизионите шахти од неразградив отпад, се проверува културата на бактерии за третман на отпадна вода, како и проверка на механичкиот дел од пречистителните станици, електриката и електрониката за автоматско и мануелно управување и редовно одржување и сервисирање на агрегатите. Агрегати се поставени во препумпните уреди 3 и 7, припадна површина 7, н.Илинден, препумпен уред 1, улица 10 н.м Кадино, припадна површина 7 како и агрегатот на пречистителната станица Марино ПП1.

### НЕПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

Во текот на предметниот период во повеќе наврати беа ангажирани цистерни за пробивање под притисок на линијата за фекална канализација која ги опфаќа улиците 529, 513, 500 и 518 во н.м Марино, ПП1, како и линијата за фекална канализација на ул.534, Илинден ПП7. Во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година беа евидентирани следните интевенции:

**Табела 15:** Интервенции на препумпни уреди

| Населени места | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 52 |
| Марино | 19 |
| Кадино | 12 |
| **Вкупно** | **83** |

**Табела 16:** Пробивање на канализациони линии

| Населени места | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 19 |
| Марино | 22 |
| Кадино | 1 |
| Миладиновци | 5 |
| **Вкупно** | **47** |

**Табела 17:** Замена на оштетени канализациони линии

| Населени места | Должина (m) |
|---|---|
| Илинден | 12 |
| Кадино | 12 |
| **Вкупно** | **24** |

На ново поставената линија за фекална канализација во н.м Миладиновци поставени се две ревизиони шахти, Ø1000 mm како и една ревизиона шахта на ул.11 во населеното место Кадино, ПП4. На линијата за фекална канализација во Локалитет Ограѓа до 30.06.2022 година се отворени 4 ревизиони шахти, а исто толку шахти се поставени на улица 8 н.м Илинден. Исто така беа констатирани проблеми во функционирањето на одредени фекални потопни пумпи во неколку препумпни уреди, поради што беше извршена замена на потопни пуми со нови во препумпниот уред во кругот на пречистителната станица во населено место Кадино, во препумпниот уред број 3 во населено место Илинден, ПП8 и во препумпен уред 10 на ул.11 во населено место Илинден, ПП8.

Согласно насоките од Државниот комунален испектор, ЈКП “Водовод” н.Илинден на ден 20.05.2022 година склучи Договор со Дирекција за технолошки индустриски развојни зони за времено отстапување на управување и одржување на канализациониот систем на територија на ТИРЗ Скопје 1 и 2. Со овој Договор ЈКП “Водовод” н.Илинден од 01.06.2022 година, на правните субјекти од ТИРЗ започна да им фактурира услуга собирање и одведување на отпадни води .

## 2.3.4. СОБИРАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Отпадните води кои се прифаќаат со канализационите системи со кои стопанисува ЈКП “Водовод” н.Илинден се пречистуваат и се испуштаат во отворени реципиенти.

**Табела 18:** Прифатена и пречистена отпадна вода преку пречистителни станици за првата половина од 2022 година (м³)

| Припадна површина | Правни субјекти | Физички лица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Марино ПП1 | 6.391 | 13.095 | 19.486 |
| Марино ПП2 | 3.000 | 30.107 | 33.107 |
| Кадино ПП4 | 1.516 | 7.501 | 9.017 |
| Илинден ПП7 | 1.706 | 20.321 | 22.027 |
| **Вкупно** | **12.613** | **71.024** | **83.637** |

**Табела 19:** Прифатена отпадна вода преку канализационен систем поврзан со отворени реципиенти за првата половина од 2022 година (м³)

| Населено место/зона | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Илинден | 8.183 | 7.825 | 9.006 | 6.941 | 8.087 | 9.148 | 49.190 |
| Кадино | 1.936 | 1.831 | 1.786 | 1.882 | 2.471 | 3.006 | 12.912 |
| Марино | 5.038 | 5.098 | 5.587 | 5.557 | 6.559 | 7.094 | 34.933 |
| ТИРЗ | | | | | | 23.112 | 23.112 |
| **Вкупно** | **15.157** | **14.754** | **16.379** | **14.380** | **17.117** | **42.360** | **120.147** |

Вкупната количина на прифатена и пречистена отпадна вода во првата половина од тековната година изнесува 83.637 m³, додека количината на прифатени урбани отпадни води во канализациски систем поврзан со отворени реципиенти изнесува 120.147 m³.

## 2.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА

Одделението за обезбедување на имот и лица вршеше непрекинато физичко обезбедување на имотот и објектите во Пумпната станица Јурумлери, пумпната станица ОКТА, пумпна станица ТИРЗ, препумпната станица Бунарџик и хлоринаторната станица Миладиновци.

## 2.5. ФИНАНСИСКИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ

Во периодот 01.01-30.06.2022 година ЈКП "Водовод" н.Илинден спроведуваше активности во функција на обезбедување на правилно материјално-финансиското работење, согласно актуелните законски прописи и внатрешните акти на Претпријатието, како и активности за навремено обезбедување на побарувањата и одржување на постојните деловни односи.

Од областа на финансиско-сметководствените и комерцијалните работи Претпријатието изработи:

- Годишен извештај за 2021 година за работењето и резултатите од работењето на Претпријатието;
- Годишна сметка за 2021 година;
- Годишна пресметка за 2021 година, во која спаѓаат: пописите на основните средства, опремата, градежните објекти, усогласување на фактичката со сметководствената состојба врз основа на Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Службен весник на РМ", бр.107/11), годишните отписи и утврдување на кусоци и вишоци по попис;
- Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП Водовод н.Илинден за првиот квартал.

Во продолжение е даден табеларен приказ на реализираната наплата на побарувања за снабдување со вода и собирање, одведување и пречистување на урбани отпадни води.

**Табела 20:** Реализирана наплата за услугата - "Водоснабдување" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ МКД | Наплатен износ МКД | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| Правни субјекти | 12.619.881 | 10.398.182 | 82% |
| Физички лица | 12.944.001 | 11.667.330 | 90% |
| **Вкупно** | **25.563.882** | **22.065.512** | **86%** |

**Табела 21:** Реализирана наплата за услуга - "Одведување на отпадни води" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ МКД | Наплатен износ МКД | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| Правни субјекти | 673.294 | 255.276 | 38% |
| Физички лица | 1.666.418 | 1.524.049 | 91% |
| **Вкупно** | **2.339.712** | **1.779.325** | **76%** |

**Табела 22:** Реализирана наплата за услуга - "Пречистување на отпадни води" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ МКД | Наплатен износ МКД | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| Правни субјекти | 196.930 | 207.180 | 105% |
| Физички лица | 581.582 | 543.096 | 93% |
| **Вкупно** | **778.512** | **750.275** | **96%** |

**Табела 23:** Вкупна реализирана наплата (без вклучен ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ | Наплатен износ | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| | МКД | МКД | |
| Правни субјекти | 13.490.105 | 10.860.637 | 81% |
| Физички лица | 15.192.001 | 13.734.474 | 90% |
| **Вкупно** | **28.682.106** | **24.595.111** | **86%** |

## 2.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ

Целите и задачите во делот на правни, кадрови и општи работи се огледуваат во обезбедувањето на правната основа и подршка на сите активности кои се одвиваат во Претпријатието што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење. Претпријатието ја врши својата дејност согласно актуелните законски прописи и внатрешните акти на Претпријатието, со што се обезбедува заштита на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието. Од областа на правни, општи и кадрови работи Претпријатието изработи:

- 1601 опомени за неплатен долг по основ на сметки за физички лица и 115 опомени за неплатен долг од правни субјекти, 407 предлози за издавање нотарски платен налог за физички лица и 17 предлози за правни субјекти. Изготвени и доставени се 49 предмети за извршување за неподмирен долг од физички лица.
- Вкупно 90 мислења за хидро-технички услови во системот за електронска градежна дозвола од исто толку поднесени барања.
- Спроведени се 18 постапки за јавни набавки.

# ЗАКЛУЧОК

Активностите кои ги превзема Претпријатието се насочени кон квалитетно управување, одржување, интеграција и модернизација на водоснабдителните системи со кои управува ЈКП ''Водовод'' н.Илинден во функција на успешно следење на брзиот економски развој на Општината и обезбедување на оптимални количини на вода за физичките лица и правните субјекти.

ЈКП "Водовод" н.Илинден

Ивица Трипуновски, дипл.правник.